Проектот е финансиран од Европската Унија

# ГЛЕАМЕ СВЕ!

ТРАНСПАРЕТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ



## АНАЛИЗА НА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ И КОМИСИИТЕ

1 **ЗА ПРОЕКТОТ** 1

2 **КОНТЕКСТ: ЗНАЧЕЊЕТО НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА ВО РАБОТАТА НА ЛОКАЛНИТЕ СОВЕТИ** 1

2.1. Правна рамка на транспарентноста и отчетноста на локалните власти 1

3 **МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** 3

3.1. Рамка на истражувањето 3

4 **РЕТРОСПЕКТИВА НА РАБОТАТА НА КОЗ И КЕМ** 4

4.1. Комисија за еднакви можности на жените и мажите 4

4.2. Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Струга 5

4.3. Комисија за односи меѓу заедниците 15

5 **КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД: КАДЕ СТОИ СТРУГА ВО ОДНОС НА ОСТАНАТИТЕ ОПШТИНИ ВО Р. С. МАКЕДОНИЈА?** 19

6 **РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА СТРУГА** 19

7 **ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** 23

**Изработил:** Здружение за развој и активизам „Аква“ – Струга и Здружение за афирмација на културата „Багер Генезис 2.0“– Струга

**Лектор:** Бобан Перески
**Превод:** Беса Зиба Ризвани

*Овој документ е подготвен со финансиска помош од Европската Унија во рамките на проектот „Глеаме све! - Транспаретност и отчетност на локалните власти“.*

*Содржината е одговорност на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар. „Глеаме све! - Транспаретност и отчетност на локалните власти“ е проект спроведуван од Здружението за развој и активизам АКВА, Струга во партнерство со Здружение за афирмација на култура БАГЕР ГЕНЕЗИС 2.0, Струга. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар - фаза 2“ финансиран од Европската Унија.*

СТРУГА, 2025

# ГЛЕАМЕ СВЕ! - ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ

## 1. ЗА ПРОЕКТОТ

Истражувањето е спроведено во рамки на проектот **„Глеаме све! – Транспарентност и отчетност на локалните власти“**, во чија реализација се вклучени **Здружението за развој и активизам „Аква“ – Струга** и **Здружението за афирмација на културата „Багер Генезис 2.0“ – Струга**. Целта на овој проект е да ја зајакне транспарентноста, отчетноста и отвореноста на **Советот на Општина Струга** и неговите комисии, со посебен фокус на ***Комисијата за еднакви можности*** и ***Комисијата за односи меѓу заедниците***. Проектот се реализира со финансиска поддршка од **Европската Унија** преку програмата ***„ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2“***.

## 2. КОНТЕКСТ: ЗНАЧЕЊЕТО НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА ВО РАБОТАТА НА ЛОКАЛНИТЕ СОВЕТИ

Транспарентноста и отчетноста се клучни принципи на доброто управување во единиците на локалната самоуправа. Граѓаните имаат право да бидат навремено и целосно информирани за работата[1] на општините, како предуслов за активно учество во креирањето, спроведувањето и надгледувањето на локалните политики. Информираноста на јавноста не е само демократска потреба, туку и законска обврска за институциите.

### 2.1. Правна рамка на транспарентноста и отчетноста на локалните власти

Обврските на општините за транспарентно и отчетно работење се утврдени преку *Уставот на Република Северна Македонија* и неколку клучни закони.

**Според Уставот:**

| | |
|---|---|
| Член 2 | Владата се остварува преку демократски избрани претставници, но и преку референдуми и други форми на непосредно учество. |
| Член 16 | Се гарантира правото на слободен пристап до информации. |
| Член 24 | Секој граѓанин има право да поднесе претставки до институции и да добие одговор. |

[1] Мартин Тодевски, Ивана Ќуркчиева. *Транспарентност и отчетност и управување со финансиите во единиците на локалната самоуправа*. Скопје: Центар за управување со промени, 2018.

| | |
|---|---|
| Член 115 и Амандман XVII | Граѓаните имаат право да учествуваат во одлучување на локално ниво, директно или преку избрани претставници.[2] |

*Законот за локална самоуправа* (Член 8) утврдува дека градоначалникот, советот, општинските комисии и јавните служби се должни, без надомест, да ги информираат граѓаните за својата работа и за плановите и програмите важни за развојот на општината. Дополнително, општините се обврзани да обезбедат пристап до основни информации за јавните услуги, согласно статутарно утврдени правила.[3]

*Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер* прецизира дека имателите на информации (вклучително и општините) треба:

- да објават контакт податоци, процедури за пристап до информации;
- да ги објавуваат законските и подзаконските акти, статистики, извештаи за работа, предлог-програми, стратегии, мислења, студии;
- да објавуваат тендери, документација од јавни набавки и сите други информации кои произлегуваат од нивните надлежности.[4]

Покрај општите закони, повеќе материјални закони налагаат водење на специфични регистри и податоци, а *Законот за користење на податоци од јавниот сектор* предвидува дека податоците создадени во рамки на општинските надлежности треба да бидат јавно достапни, во отворен и компјутерски обработлив формат. Целта е да се овозможи бесплатно користење од страна на правни и физички лица за креирање нови содржини, апликации и услуги.[5]

**Транспарентноста и отчетноста на општината** се обезбедуваат преку редовно информирање на јавноста, пристап до информации од јавен карактер, отворени седници на советот, учество на граѓаните преку референдуми, иницијативи, собири или поднесување претставки. Овие механизми се уредуваат со *Статутот на општината*, а за поефикасна примена потребни се и **внатрешни акти и процедури** што ја дефинираат улогата на службите и носителите на одговорност.

Важно е да се воспостават јасни процеси на консултација со јавноста кои вклучуваат:

---

[2] *Устав на Република Северна Македонија*, Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 52/1991), Амандманите I и II на *Уставот на Република Македонија* („Службен весник на Република Македонија" број 1/1992), Амандманот III на *Уставот на Република Македонија* („Службен весник на Република Македонија" број 31/1998), Амандманите IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII и XVIII на *Уставот на Република Македонија* („Службен весник на Република Македонија" број 91/2001), Амандманот XIX на *Уставот на Република Македонија* („Службен весник на Република Македонија" број 84/2003), Амандманите XX, XXI, XXII, XXIII, XXIV, XXV, XXVI, XXVII, XXVIII, XXIX и XXX *на Уставот на Република Македонија* („Службен весник на Република Македонија" број 107/2005), Амандманот XXXI на *Уставот на Република Македонија* („Службен весник на Република Македонија" број 3/2009), Исправката на Амандманот XXXI на *Уставот на Република Македонија*,(„Службен весник на Република Македонија" број 13/2009), Амандманот XXXII на *Уставот на Република Македонија* („Службен весник на Република Македонија" број 49/2011), Амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на *Уставот на Република Македонија* („Службен весник на Република Македонија" број 6/2019) и Објавата („Службен весник на Република Македонија" број 36/2019).

[3] *Закон за локалната самоуправа*, „Службен весник на Република Македонија" бр. 5, 29 јануари 2002 година.

[4] *Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер*, „Службен весник на РСМ" бр. 101, 22 мај 2019 година.

[5] *Закон за користење на податоците од јавниот сектор*, „Службен весник", број: 27/2014 од 05.02.2014 година.

- навремено информирање за темата;
- вклучување на засегнатите страни;
- јасен механизам за изразување мислење;
- анализа и јавно образложение на прифатените и отфрлените предлози.

Ова придонесува за инклузивно и одговорно донесување одлуки на локално ниво.

*Статутот на општина Струга* предвидува одредени механизми и рамки за остварување на отчетноста и транспарентноста на локално ниво, особено фокусирајќи се на: *јавноста во работата на советот, обврската за редовно информирање на граѓаните за работата на општинските власти, пристапот до информации, како и формите на директно и индиректно демократско учество за прашањата кои ја засегаат јавноста.*[6]

Меѓутоа, суштинското прашање кое се поставува тука е дали и во која мера локалните власти ја исполнуваат оваа обврска.

## 3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето беше поделено на два дела и тоа: *деск анализа* и *теренско истражување*. *Деск анализата* се состоеше од анализа на целокупната документација на Општина Струга за последниот мандат (2021-2026 година) и тоа:

1. Службените гласници;
2. Официјални објави на каналите за комуникација на Општината;
3. Записници од седниците на Советот на општината;
4. Документација подготвена од и за *Комисијата за еднакви можности на жените и мажите* (во понатамошниот текст *КЕМ*) и *Комисијата за односи помеѓу заедниците* (во понатамошниот текст *КОЗ*).

Дел од документацијата беше прибавена директно од општинската веб-страница, а дел по пат на поднесување на барање за пристап до информации од јавен карактер.

*Теренското истражување* подразбираше следење на сите седници на советот и состаноците на КЕМ и КОЗ и директни средби со нивните членови.

### 3.1. Рамка на истражувањето

Ова истражување има за цел да ја анализира транспарентноста и отчетноста за работата на Советот на општината како највисоко претставничко тело на локално ниво, од аспект на обезбедувањето на јавноста во неговото работење, остварувањето на обврската за редовно информирање на јавноста како и транспарентноста во поглед на начинот на донесување одлуки.

Дополнително, истражувањето се фокусира на анализа на работата на *КЕМ* и *КОЗ* од причина што Општина Струга претставува едно од најмултиетничките подрачја во државата каде што заеднички живеат Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми и други заедници. Во таков контекст, активна и функционална *Комисија за односи меѓу заедниците*

[6] *Статут на Општина Струга*, „Службен гласник“ на Општина Струга, бр. 6, 18.04.2023 година.

*(КОЗ)* е од суштинско значење за зачувување на меѓуетничкиот соживот, рано препознавање на тензии и унапредување на дијалогот и соработката помеѓу различните заедници. Покрај тоа, во локалната самоуправа од исклучителна важност е и *Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ),* која треба да обезбеди родова рамноправност, социјална инклузија и заштита на ранливите категории граѓани. Во едно општество во кое постојат системски предизвици поврзани со дискриминација, економска нееднаквост и родово базирано насилство, постоењето и активното делување на *КЕМ* е услов за градење праведни и инклузивни локални заедници.

## 4. РЕТРОСПЕКТИВА НА РАБОТАТА НА *КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ (КОЗ) И КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ (КЕМ)*

### 4.1. *Комисија за еднакви можности на жените и мажите*

*Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ)* е постојано работно тело на Советот на општината основано со цел да се промовира родовата еднаквост и недискриминацијата на локално ниво. Согласно *Законот за еднакви можности на жените и мажите*, секоја единица на локалната самоуправа е должна да формира ваква комисија со одлука на советот, при што составот, надлежностите, задачите и обврските на *КЕМ* се утврдуваат со *Статутот на општината*.[7] Ова значи дека Општина Струга, како и сите други општини, мора да има *КЕМ* воспоставена од Советот. Основната улога на *КЕМ* е да ги разгледува сите прашања поврзани со постигнување еднакви можности меѓу жените и мажите во општината и да осигури дека локалните политики и одлуки го интегрираат принципот на родова рамноправност. Таа дава мислења по материјалите и предлозите што се разгледуваат на седниците на Советот, особено за тоа дали тие акти обезбедуваат еднакви можности. Исто така, *КЕМ* учествува во изработката на стратешки документи на општината (на пр. - стратегија за развој), во планирањето на општинскиот буџет, програмите за работа на Советот и слично со цел родовата перспектива да биде вклучена во сите нив.[8]

Покрај советодавната функција при носењето одлуки, *КЕМ* има задача да иницира мерки за унапредување на еднаквите можности. Таа идентификува начини за инкорпорирање и формализирање на принципот на еднаквост и недискриминација во работата на општинските органи и администрацијата. Комисијата може да му предлага на Советот конкретни мерки и активности за подобрување на состојбата врз основа на анализа на утврдените состојби во областите под надлежност на општината. На тој начин, *КЕМ* е клучен механизам преку кој Советот се осигурува дека во сите локални политики

---

[7] *Закон за еднакви можности на жените и мажите* (пречистен текст), *Закон за еднакви можности на жените и мажите* („Службен Весник на Република Македонија" бр. 6/2012). *Закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите* („Службен Весник на Република Македонија" бр. 166/2014).

[8] Ibid.

се почитуваат принципите на родова еднаквост, согласно *Законот за еднакви можности на жените и мажите* и *Законот за спречување и заштита од дискриминација.*[9]

### 4.2. ***Комисијата за еднакви можности*** при Советот на Општина Струга

Воспоставувањето на *Комисијата за еднакви можности* претставува институционален механизам од особено значење за развојот и имплементацијата на локални политики за родова еднаквост.

*Комисијата за еднакви можности на жените и мажите* е формирана на втората итна седница на Советот на Општина Струга, одржана на **08.11.2021 година, со решение бр. 08-4157/8,** со мандат да ги разгледува прашањата од областа на родовата рамноправност и да придонесува кон унапредување на институционалните практики за обезбедување родова еднаквост на локално ниво и воспоставување на локални политики за родова еднаквост.

**Состав на комисијата:**




[9] Ibid.

Комисијата има за цел да ги поддржи жените и мажите во рамноправно учество во социјалниот, политичкиот и економскиот живот на општината, согласно стратешките цели за еднакви можности и законските обврски на локалната самоуправа.[10]

За својата работа *КЕМ* усвојува годишна програма. Во овој мандат, првата годишна програма е за 2022 година. Во рамки на *Програмата за еднакви можности меѓу мажите и жените* за 2022 година, Општина Струга дефинираше шест приоритетни области и активности насочени кон родова рамноправност, информирање, здравствена едукација и економско јакнење на жените. Буџетот за реализација на оваа програма изнесува **280.000 денари**.[11]

Приоритетни цели и активности:

1. **Одбележување на 8 Март – Хуманитарна акција**
    - Собирање и донирање облека за социјално ранливи семејства;
    - Печатење на промотивни материјали.

**Буџет:** 10.000 ден.

2. **Унапредување на здравјето на жените**
    - Трибини по гинекологија, онкологија, остеопороза;
    - Печатење на едукативни материјали и постери;
    - Организација на настани со скромен коктел.

**Буџет:** 45.000 ден.

3. **Економско јакнење на жените**
    - Бесплатни курсеви по јазици и компјутери;
    - Потврди за завршена обука;
    - Промоција на мерки за вработување.

**Буџет:** 45.000 ден.

4. **Превенција и советување за семејно насилство**
    - Едукативни трибини;
    - Обуки за педагози во училиштата.

**Буџет:** 10.000 ден.

5. **Учество на државни и меѓународни конференции и обуки**

---

[10] Совет на Општина Струга, *Решение за формирање на Комисија за еднакви можности меѓу мажите и жените*, „Службен гласник“ на Општина Струга, бр. 16, 10.11.2021 година.

[11] Совет на Општина Струга, *Програма за еднакви можности меѓу мажите и жените за 2022 година*, „Службен гласник“ на Општина Струга, бр. 19, 31.12.2021.

- Покривање на патни трошоци, сместување, дневници за учесници.

**Буџет:** 75.000 ден.

**6. Консултативни средби на локално ниво**

- Разговори со релевантни чинители и граѓански организации.

**Буџет:** 30.000 ден.

**7. Изработка на Стратегија за родова рамноправност**

- Организација на средби, хонорари, логистика.

**Буџет:** 50.000 ден.

Според *Извештајот за реализација на програмата*, може да се забележи дека програмата е делумно реализирана:[12]

| Мерка/ Активност | Планирано во Програмата (2022) | Реализација според Извештајот (2022) | Оценка на реализација |
|---|---|---|---|
| **Одбележување на 8 Март** | Хуманитарна акција, промотивни материјали. Буџет: 10.000 ден. | Организирана хуманитарна акција со донации. | *Реализирано* |
| **Унапредување на здравјето на жените** | Трибини, предавања, едукативни материјали. Буџет: 45.000 ден. | Крводарителска акција и здравствени активности во соработка со Црвен крст. | *Реализирано* |
| **Економско јакнење на жените** | Курсеви по јазици и ИТ, промоција. Буџет: 45.000 ден. | Неспомената директна економска активност, но индиректна вклученост преку информативни акции. | *Делумно / индиректно* |
| **Превенција на семејно насилство** | Трибини, обуки за педагози. Буџет: 10.000 ден. | Активности во рамки на „16 дена активизам“, ликовна изложба, | *Реализирано* |

[12] Совет на Општина Струга, *Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности меѓу мажите и жените за 2022 година*, доставен до Советот на Општина Струга во јануари 2023 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | трибини и информативни материјали. | |
| **Учество на конференции и обуки** | Патни трошоци, учество во настани.<br>Буџет: 75.000 ден. | Учество на обуки од *NDI*, *UN Women* и форуми за родови политики. | *Реализирано* |
| **Консултативни средби и стратегија** | Средби со НВО, изработка на стратегија.<br>Буџет: 30.000 ден. + 50.000 ден. | Изработени календари со слики од активности, но без јасна евиденција за стратегија или јавни консултации. | *Делумно/ недокументирано* |

Во 2022 година, советничките и советниците на Општина Струга ја потпишаа и *Заложбата за унапредување на родовата еднаквост и борба против насилството врз жените во политиката.* Оваа заложба беше развиена во рамки на проектот „Унапредување на родовата еднаквост преку политичко учество на жените", спроведен од *Националниот демократски институт (НДИ)* со финансиска поддршка *од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка – Сида*.

Целта на заложбата е да се заштитат жените вклучени во политичкиот живот, да се осуди секоја форма на насилство врз нив и да се поттикне активно и рамноправно учество на жените во јавната сфера, во согласност со домашните и меѓународните стандарди за човекови права и родова еднаквост.[13]

Втората годишна програма е за 2023 година, и во рамки на истата се предвидени неколку приоритетни активности, со вкупен буџет од **240.000 денари**:[14]

1. **Отворање паралелки за целодневен престој на деца.**
   - **Цел:** Поддршка за вработени родители без други опции за згрижување на деца.
   - **Активност:** Иницирање процес со учество на советници, КЕМ и координаторот за еднакви можности, пред градоначалникот и МОН.
   - **Период на реализација:** Март – август 2023 година.

**Буџет:** 50.000 денари

2. **Унапредување на здравјето на граѓаните**

[13] Совет на Општина Струга, *Заложба за унапредување на родовата еднаквост и елиминација на насилството врз жените во политика*, „Службен гласник" на Општина Струга, бр. 5, 18.04.2022 година.

[14] Совет на Општина Струга, *Програма за еднакви можности меѓу мажите и жените за 2023 година*, „Службен гласник" на Општина Струга, бр. 19, 31.12.2022.

- **Цел:** Подигнување на свеста за редовни лекарски контроли.
- **Активности:**
    - Трибини по гинекологија, онкологија, урологија, остеопороза, тироидна жлезда;
    - Крводарителска акција;
    - Печатење едукативни и промотивни материјали за училишта.
- **Носители:** КЕМ, координатор, доктори, Црвен крст – Струга.
- **Период на реализација:** Април – мај – октомври 2023 година.

**Буџет:** 55.000 денари.

3. **Економско јакнење на населението (со фокус на жени и рурална средина)**

- **Активности:**
    - Бесплатни курсеви по јазици и ИТ;
    - Промоција на жени-претприемачки и традиционална храна;
    - Промотивни денови за мерки за вработување.
- **Носители:** КЕМ, координаторот, Агенција за земјоделство, НВО.
- **Период на реализација:** Во текот на целата 2023 година.

**Буџет:** 65.000 денари.

4. **Превенција и советување за семејно и сексуално насилство**

- **Активности:**
    - Едукативни трибини;
    - Обуки за стручни служби во основни и средни училишта.
- **Носители:** КЕМ, координатор, МТСП, НВО.
- **Период на реализација:** Во текот на целата 2023 година.

**Буџет:** 35.000 денари

5. **Учество на државни и меѓународни конференции, трибини и обуки**

- **Опфат:** Патни трошоци, сместување и логистика за учесниците.
- **Носители:** КЕМ, координатор.

**Буџет:** 35.000 денари.

6. **Инфраструктурни препораки од родова перспектива**
*(советодавна активност кон Комисијата за урбанизам)*

- **Цел:** Безбедно движење и пристап за сите (вкл. жени, деца, рурални средини).

- **Примери:** Обележување премини, јавен превоз за ученици, велосипедски патеки.
- **Носители:** Општина Струга – одделенија за урбанизам, сообраќај и комунални дејности.

Во однос на реализацијата на оваа програма на Комисијата, испратено беше барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Струга. Од надлежниот службеник добивме насока дека оваа информација треба да е објавена на веб-страницата на Општината, меѓутоа истата не беше достапна, па затоа е невозможно да се направи споредба помеѓу планираното и оствареното за 2023 година.

Следната програма за родова еднаквост е од 2024 година и тоа со повеќе клучни мерки за спроведување:

1. **Отворање на паралелки за целодневен престој (4.1.1.)**
   - **Цел:** Поддршка за млади семејства и подобро усогласување на работните и родителските обврски.
   - **Индикатори:** Број на деца со потреба од престој (по пол); интерес на родителите.
   - **Период на реализација:** Во текот на целата година.
   - **Носители:** КЕМ, координатор, директори на училишта, МОН, ЦСР, МТСП.

**Буџет:** 150.000 денари.

**2. Превентивни здравствени активности (4.2.1.)**

- **Цел:** Подигање на свеста за хронични заболувања.
- **Активности:** Трибини за рак на дојка, машко здравје, остеопороза, тироидна жлезда.
- **Одбележување на:**
  - Октомври – месец на борба против рак на дојка;
  - Ноември – месец на машкото здравје.
- **Индикатори:** Податоци по пол за заболени во последни 3 години.
- **Носители:** Координатор, КЕМ, здравствени установи.

**Буџет**: 150.000 денари.

**3. Еднократна помош за самохрани родители (4.1.1.4. и 4.2.2.)**

- **Цел:** Финансиска поддршка на самохрани семејства на почетокот од учебната година.

- **Индикатори:** Состојба по училишта, податоци по пол.
- **Период на реализација:** Јули – август.
- **Носители:** Координатор, градоначалник, образовни институции.

**Буџет:** 100.000 денари.

**4. Спречување на семејно насилство (4.1.1.4.)**

- **Активности:** Едукација, прибирање податоци, советувања.
- **Носители:** ЦСР, МВР – Струга, КЕМ.

**Буџет:** 50.000 денари.

**5. Учество на обуки и трибини (4.1.1.4.)**

- **Цел:** Подигнување на капацитетите на службеници и советници.
- **Носители:** Координатор, КЕМ.

**Буџет:** 50.000 денари.

Според извештајот за реализација на програмата, може да се каже дека истата е делумно реализирана:

**1. Отворање на паралелки за целодневен престој (4.1.1.)**

- **Цел:** Поддршка за млади семејства и подобро усогласување на работните и родителските обврски.
- **Индикатори:** Број на деца со потреба од престој (по пол); интерес на родителите.
- **Период на реализација:** Во текот на целата година.
- **Носители:** КЕМ, координатор, директори на училишта, МОН, ЦСР, МТСП.

**Буџет:** 150.000 денари.

**2. Превентивни здравствени активности (4.2.1.)**

- **Цел:** Подигање на свеста за хронични заболувања.
- **Активности:** Трибини за рак на дојка, машко здравје, остеопороза, тироидна жлезда.
- **Одбележување на:**
  - Октомври – месец на борба против рак на дојка;
  - Ноември – месец на машкото здравје.
- **Индикатори:** Податоци по пол за заболени во последни 3 години.

- **Носители:** Координатор, КЕМ, здравствени установи.

**Буџет:** 150.000 денари.

3. **Еднократна помош за самохрани родители (4.1.1.4. и 4.2.2.)**
    - **Цел:** Финансиска поддршка на самохрани семејства на почетокот од учебната година.
    - **Индикатори:** Состојба по училишта, податоци по пол.
    - **Период на реализација:** јули – август.
    - **Носители:** координатор, градоначалник, образовни институции.

**Буџет:** 100.000 денари.

**4. Спречување на семејно насилство (4.1.1.4.)**

- **Активности:** Едукација, прибирање податоци, советувања.
- **Носители:** ЦСР, МВР – Струга, КЕМ.

**Буџет:** 50.000 денари.

**5. Учество на обуки и трибини (4.1.1.4.)**

- **Цел:** Подигнување на капацитетите на службеници и советници.
- **Носители:** координатор, КЕМ.

**Буџет:** 50.000 денари.

Според извештајот усвоен на 48-та седница на Советот на општина Струга од 12.05.2025 година (понеделник) може да се каже дека истата е делумно реализирана:[15]

[15] Совет на Општина Струга, *Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности за 2024 година*, доставен од координаторот за еднакви можности, декември 2024 година, усвоен на 12.05.2025 година (понеделник) од Советот на о. Струга.

| Мерка/ Активност | Планирано во Програмата (2024) | Реализација според Извештај (2024) | Оценка на реализација |
|---|---|---|---|
| **Целодневен престој во училишта** | Во текот на целата година, во соработка со училишта, МОН, ЦСР.<br>Буџет: 150.000 ден. | Не се споменува реализација | *Не е реализирано или недокументирано* |
| **Превентивни здравствени активности** | Трибини и одбележување значајни здравствени денови.<br>Буџет: 150.000 ден. | Посета на болница, донации во гинеколошко одделение, трибини за Розов октомври и ноември - месец на машкото здравје | *Главно реализирано* |
| **Еднократна помош за самохрани семејства** | Еднократна помош, јули–август.<br>Буџет: 100.000 ден. | Не се споменува реализација | *Не е реализирано или недокументирано* |
| **Спречување на семејно насилство** | Едукација и координација со МВР и ЦСР.<br>Буџет: 50.000 ден. | Не се споменува реализација | *Не е реализирано или недокументирано* |
| **Учество на обуки и трибини** | Подигнување на капацитетите на службеници и советници во координација со КЕМ<br>Буџет: 50.000 ден. | Не се споменува реализација | *Не е реализирано или недокументирано* |

Актуелната програма за еднакви можности е усвоена во 2024 година, објавена во „Службен гласник" на Општина Струга бр. 12 од 06.09.2024. Програмата за родова еднаквост за 2025 година вклучува следниве приоритетни цели и активности:[16]

[16] Совет на Општина Струга, *Програма за еднакви можности меѓу мажите и жените за 2025 година*, „Службен гласник" на Општина Струга, бр. 12, 06.09.2024 година.

**1. Отворање на паралелки за целодневен престој во основните училишта**

- **Цел:** Обезбедување на целодневен престој за учениците во двете градски основни училишта, со цел олеснување на работата на родителите.
- **Период на реализација:** Јануари – декември 2025 година.

**Буџет:** 150.000 денари.

**2. Унапредување на здравјето на граѓаните**

- **Цел:** Подигање на свеста за редовни лекарски контроли за превенција од болести кои ги погодуваат жените и мажите.
- **Активности:** Организирање на трибини и предавања од областа на гинекологијата, онкологијата и остеопорозата; печатење на едукативни и промотивни материјали.
- **Период на реализација:** Април – мај – октомври 2025 година.

**Буџет:** 55.000 денари.

**3. Економско јакнење на населението**

- **Цел:** Јакнење на економската положба на жените и мажите, особено во руралните средини.
- **Активности:** Организирање на бесплатни часови по албански, англиски или друг јазик; обуки за работа со компјутери; промотивни денови за активните мерки на вработување на жените.
- **Период на реализација:** Јуни – јули – август 2025 година.

**Буџет:** 65.000 денари.

**4. Превенција и советување за спречување на семејното и сексуалното насилство**

- **Цел:** Едукација и обуки за препознавање и спречување на семејното и сексуалното насилство.
- **Активности:** Организирање на едукативни трибини; обуки на педагозите, психолозите и социјалните работници од основните и средните училишта.
- **Период на реализација:** Преку цела година 2025 година.

**Буџет:** 35.000 денари.

**5. Учество на државни и меѓународни конференции, трибини и обуки од областа на еднаквите можности**

- **Цел:** Подобрување на знаењата и вештините на координаторот за еднакви можности и членовите на *Комисијата за еднакви можности*.

**Буџет:** 35.000 денари.

**6. Консултативни средби со профитабилна цел на локално ниво во областа на еднаквите можности**

- **Цел:** Изработка на стратегија за родова рамноправност.

**Буџет:** 50.000 денари.

### 4.3. *Комисија за односи меѓу заедниците*

*Комисијата за односи меѓу заедниците (КОЗ)* во Општина Струга е формирана со **Решение бр. 08-4157/7** на втората седница на Советот на Општина Струга, одржана на 08.11.2021 година. Оваа комисија има за цел да ги разгледува прашањата поврзани со односите меѓу различните етнички заедници во општината, со фокус на унапредување на меѓуетничката соработка и инклузија.

Во мултиетничкиот контекст на Струга, каде што живеат различни етнички заедници, активностите на *КОЗ* се од особено значење за промовирање на соживотот, почитување на различностите и инклузивно учество на сите граѓани во општествениот живот.

**Состав на комисијата:**



**Блертон Асани** претставник на албанската заедница

**Дарко Прензоски** претставник на македонската заедница

**Бионда Џумкар** претставничка на турската заедница

**Наум Нанушески** претставник на влашката заедница

**Арѓенд Зуко** претставник на ромската заедница

**Илија Николиќ** претставник на српската заедница

**Бедри Лапоски** претставник на бошњачката заедница

*Комисијата за односи меѓу заедниците (КОЗ)* е специјализирано тело формирано во мултиетничките општини со цел да се поттикне меѓуетничкиот дијалог и да се заштитат правата на заедниците на локално ниво. Нејзиното воспоставување е пропишано со *Законот за локалната самоуправа*: во секоја општина каде што најмалку 20% од жителите припаѓаат на одредена етничка заедница, се формира *Комисија за односи меѓу заедниците*. Струга е типичен пример на таква општина, бидејќи има мешано население (етнички Македонци, Албанци и други), па според законските критериуми мора да има *КОЗ*. [17]

**Состав на КОЗ:** За разлика од другите комисии на Советот кои најчесто се состојат претежно од советници, законот предвидува *КОЗ* да ја сочинуваат *подеднаков број претставници од секоја заедница застапена во општината*.[18] Тоа значи дека во Комисијата членуваат претставници на сите етнички заедници кои живеат во Општина Струга (на пример: Македонци, Албанци, Турци итн.), при што секоја заедница добива еднаков број членови во Комисијата. Начинот на избор на членовите на *КОЗ* е утврден со *Статутот на општината*, односно Советот ги именува членовите врз основа на предлози од заедниците или од советничките групи што ги претставуваат тие заедници. Овој инклузивен состав има за цел секоја етничка група да има еднаков глас во разгледувањето на меѓуетничките прашања.

---

[17] *Закон за локалната самоуправа, „Службен весник на Република Македонија“* бр. 5/2002.

[18] Ibid.

**Улога на КОЗ:** *Комисијата за односи меѓу заедниците* разгледува прашања кои се однесуваат на односите меѓу етничките заедници во општината – на пример, употребата на јазиците на заедниците во службена комуникација, образованието на мајчин јазик, културните обележја, распределбата на ресурси меѓу населението, меѓуетнички инциденти или недоразбирања итн. *КОЗ* дава мислења и предлози за начини на решавање на овие прашања. Доколку во Општина Струга се појави проблем или иницијатива што ги засега односите меѓу заедниците (на пример, одлука за двојазични таблички, именување на улици, финансирање на културни настани за одредена заедница и сл.), *КОЗ* е форумот каде што тие прашања се дискутираат и се бара заедничко решение прифатливо за сите заедници.

Важно е да се истакне дека Советот на општината е *должен* да ги разгледа мислењата и предлозите на *КОЗ* и да донесе одлуки во врска со нив[19]. Ова законско барање гарантира дека гласот на малцинските заедници, артикулиран преку *КОЗ*, нема да биде игнориран – Советот мора формално да се произнесе по секое прашање кое *КОЗ* ќе го покрене. Така, *КОЗ* претставува механизам за заштита на правата на етничките заедници и за градење доверба, во духот на *Охридскиот рамковен договор* и уставните начела за етничка рамноправност.

Иако *Комисијата за односи меѓу заедниците* е формално формирана со одлука на Советот на Општина Струга во 2021 година, до денес **нема одржано ниту една официјална средба**, ниту се евидентирани какви било активности, иницијативи или јавно достапни записници од нејзина работа.

Нејзината **нефункционалност** претставува значаен институционален дефицит во контекст на мултиетничкиот состав на Општина Струга, каде постои изразена потреба од активна, видлива и консултативна улога на *КОЗ* во процесите на креирање, следење и оценка на политики што ги засегаат различните заедници.

## 5. КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД: КАДЕ СТОИ СТРУГА ВО ОДНОС НА ОСТАНАТИТЕ ОПШТИНИ ВО Р. С. МАКЕДОНИЈА?

**Општина Струга** и **Општина Кавадарци** претставуваат два различни контексти во однос на работата на *Комисијата за еднакви можности (КЕМ)*. Во двете општини се формирани *КЕМ*, но нивната активност, програми, буџети и видливост се разликуваат.

**Формирање и институционална поддршка:** Општина Кавадарци има долга традиција – *КЕМ* во Кавадарци е формирана уште во 2012 година врз основа *на Законот за еднакви можности*. Кавадарци донесува и стратегии за родова еднаквост (за периоди од по неколку години) и годишни програми за еднакви можности, што укажува на систематски пристап. На официјалната веб-страница на општината јавно се достапни документите: годишни извештаи за напредокот на еднаквите можности (на пр. за 2023, 2024), програми за 2024 и 2025 година, како и стратегија за еднакви можности.[20] Ова

---

[19] Ibid.

[20] Совет на Општина Кавадарци, *Програми и извештаи за еднакви можности*, достапно на: https://kavadarci.gov.mk/komisija-za-ednakvi-mozhnosti (пристапено во мај 2025).

зборува за транспарентност и интегрирање на работата на *КЕМ* во редовното планирање на општината. Наспроти тоа во Струга, *КЕМ* е исто така формирана во Советот, но информациите за нејзините активности не се лесно достапни на јавната веб-страница. Општина Струга нема посебна секција на сајтот посветена на *КЕМ* и јавноста потешко може да дојде до програмите или извештаите. Сепак, од документи на Советот на Општина Струга видливо е дека Советот усвоил *Програми за еднакви можности* и именувал координатор и заменик-координатор. Во 2024 година, Општина Струга именувала нов координатор за еднакви можности (службеник од општинската администрација) и негов заменик, со решение на градоначалникот. Ова покажува дека институционално *КЕМ* во Струга е воспоставена, но јавната промоција е послаба отколку во Кавадарци.

**Програми и активности:** *Комисијата за еднакви можности* при Советот на Кавадарци изгледа е многу активна и **спроведува разни проекти и кампањи**. Според извештај од Министерството за труд и социјална политика, Кавадарци во 2022 година реализирала ***Кампања за спречување на насилство врз жените***. Исто така, била организатор на ***Меѓуопштинска конференција за добри практики за родова еднаквост***, со учество на сите советници на Општина Кавадарци. Овие активности покажуваат дека Кавадарци ја користи КЕМ за подигнување на свеста и вмрежување. Општината бележи и зголемена финансиска поддршка за невладини организации раководени од жени – во 2022 г. финансирала проекти на пет здруженија предводени од жени. Дополнително, *КЕМ* на Кавадарци има свој профил на социјалните мрежи (Фејсбук страница со активности) каде што јавноста може да ги следи нејзините иницијативи (работилници за млади, спортски настани за девојчиња, обуки за самоодбрана итн.).

**Кон тоа:**

***Во 2022 година општините Струга, Кавадарци, Виница и Гевгелија потпишале Декларација за заемна соработка на своите КЕМ, изразувајќи волја за интензивна соработка и активности за подобрување на положбата на жените и девојчињата Општина Кавадарци истата година спровела кампања против насилство врз жени и организирала Меѓуопштинска конференција за добри практики, што укажува на високо ниво на активност на нејзината Комисија за еднакви можности.***[21]

**Буџети и ресурси:** Кавадарци во својот општински буџет издвојува средства за родово сензитивни иницијативи. На пример, финансирањето на спортски клубови се насочува и кон женски екипи, а поддржани се училишни спортски активности за зголемување на учеството на девојчињата. Ова е показател дека прашањата на еднакви можности се интегрирани во разни програми (спорт, образование и слично). Во Струга, конкретни буџетски информации за *КЕМ* не се јавно објавени, но од годишните извештаи се согледува дека *КЕМ* во периодот на 2022–2023 година, реализирала активности со поддршка на донатори (на пр. *UN Women*) и преку соработка со Црвен крст и други

[21] Министерство за труд и социјална политика (МТСП), *Извештај за родова еднаквост за 2022 година*, достапно на: https://www.mtsp.gov.mk (пристапено во мај 2025).

организации.[22] Во 2023 година, координаторката на *КЕМ* - Струга учествувала во проекти со *UN Women* и *ЗЕЛС* и спровела обуки за општинските советници за родово одговорно буџетирање. Ова укажува дека иако нема многу сопствени општински средства издвоени, КЕМ - Струга се потпира на партнерства за активности.

**Јавна достапност и отчетност:** Како што беше наведено, Кавадарци објавува годишни извештаи за напредокот на еднаквите можности што ја зголемува отчетноста. Струга, иако можеби поднесува извештаи до надлежното Министерство (МТСП), тие извештаи не се јавно објавени на веб-страницата. Сепак, на седници на Советот на Општина Струга се разгледуваат и усвојуваат извештаи за работата на *КЕМ*. Пример, во *Извештајот за реализирана програма на КЕМ на Општина Струга за 2022 година* се спомнува дека биле реализирани планирани активности: Во координација со координаторот и Црвен крст, организирана е хуманитарна акција, одржани се обуки и сл. Овие детали стануваат дел од службените записници, но остануваат помалку видливи за јавноста надвор од советничките кругови.

**Предлози и влијание врз политики:** *КЕМ* има можност да поднесува иницијативи до Советот. Во Кавадарци, покрај проекти, Комисијата учествува во подготовка на стратегиски документи – на пример, изработена е ***Стратегија за родова еднаквост 2024–2027*** по иницијатива на *КЕМ*.[23] Исто така, *КЕМ* - Кавадарци беше една од четирите општини кои иницираа заедничка декларација за соработка со други општини, со што индиректно влијае и на регионално ниво во креирање политики за еднакви можности. Во Струга, *КЕМ* досега главно реализира активности (обуки, трибини, хуманитарни акции), но не се евидентирани јавно крупни предлози за нови локални политики или прописи.

*Комисиите за односи меѓу заедниците* (КОЗ) се особено релевантни во мултиетнички средини. Општина Струга е етнички поделена средина (со приближно 56% Албанци, 33% Македонци, остаток Турци, Роми итн.), додека за споредба ќе ја разгледаме **Општина Тетово** – град со мнозинство Албанци (~70%) и значајно малцинство Македонци (~20-25% во претходните пописи), а тука се и Турци, Роми и други заедници. И двете општини се обврзани да формираат *Комисија за односи меѓу заедниците* според закон.

**Формирање и состав:** Во двата совети, Струга и Тетово, *КОЗ* е формирана по конституирањето на новите совети во 2021 година, со одлука на советниците. Во составот на комисијата влегуваат претставници на сите значајно застапени етнички заедници. На пример, во Струга *КОЗ* би броела најмалку два члена Албанци, два Македонци и по еден член од помалите заедници (Турчин, Ром и сл.) – што одговара на етничката структура. Слично, во Тетово би имало еднаков број членови Албанци и Македонци, како и претставник на турската заедница, согласно законската формула (*еднаков број од секоја заедница со >20% население*).[24] Именувањето на членовите е политичко – вообичаено ги

---

[22] *Програма за родова еднаквост* во Општина Кавадарци 2024–2027, достапна преку: https://kavadarci.gov.mk (пристапено во мај 2025).

[23] *Програма за родова еднаквост* во Општина Кавадарци 2024–2027, достапна преку: https://kavadarci.gov.mk (пристапено во мај 2025).

[24] *Закон за локалната самоуправа* („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 50 став 1 точка 3 – обврска за формирање на *Комисија за односи меѓу заедниците* во општините каде барем една заедница учествува со над 20% од населението.

предлагаат советничките групи од соодветната етничка припадност. Формирањето како формален чекор е спроведено во двете општини.

**Функционалност и одржување седници:** Главното прашање е дали *КОЗ* реално функционира или останува „на хартија". Според искуствата од претходните години, **КОЗ во многу општини не се состанува редовно**. Ова изгледа е случај и во Општините Струга и Тетово. Нема многу јавни информации за одржани седници на *КОЗ - Струга* во тековниот мандат што навестува дека Комисијата или не се собира често или не привлекува внимание. Слично, во Општина Тетово до скоро *КОЗ* беше неактивна – за неа ретко се слушаше во јавноста. Ова го нотираат и граѓанските организации кои според една анализа *локалните КОЗ во практиката имаат минорна улога во учеството на малцинствата во одлучувањето, односно често постојат само формално*.[25]

Причините за неактивност може да бидат*: политичка поделба (пратениците/советниците од мнозинската заедница не ја сметаат за приоритет), недоволна иницијатива од малцинствата или просто недостаток на спорни прашања ставени на дневен ред*. **КОЗ се свикува обично само по потреба**, на пример ако Советот треба да одлучува за прашање кое ги засега меѓуетничките односи (јазик во општината, знаменца на институции, именување улици и слично). Доколку такви точки нема, комисијата може воопшто да не заседава со месеци.

**Присуство и партиципација:** Кога ќе се одржи седница, се поставува прашањето на одзив. Честопати, половично или недоволно присуство ги осуетува напорите. Во средини како Струга и Тетово, политичката поларизација по етничка линија може да влијае – членовите од различни партии/етникуми можеби не се мотивирани заеднички да дејствуваат. Сепак, постојат и позитивни примери. Во 2023 година, во Тетово за првпат после долго време се забележани чекори за заживување на *КОЗ*. Со помош на граѓанска организација (*АДИ – Асоцијација за демократски иницијативи*), **КОЗ Тетово изработила годишна програма за работа** и одржала работилници за членовите.[26] Ова покажува обид за институционализирање на работата и надминување на застојот. Во Струга немаме информација за слична иницијатива што сугерира дека *КОЗ - Струга* во овој мандат заостанува.

**Предмети на работа (предложени точки):** Од достапните податоци, **КОЗ - Струга немала забележливи иницијативи** во изминативе години. Ниту еден конкретен предлог од *КОЗ* не е јавно истакнат. Ова може да значи дека не се појавиле контроверзни одлуки во Советот кои би ја активирале комисијата. На пример, Струга веќе има двојазичност во службена употреба (македонски и албански јазик), па не се дискутирало повторно за тоа. Исто така, распределбата на општински ресурси (буџет, инвестиции) етнички е балансирана преку политички договори, па *КОЗ* не морала да интервенира. Во **Тетово**, пак, имаше јавни полемики. На пример: забелешки дека **во општинската администрација не се користи доволно македонскиот јазик** или околу **поставување верски симболи во**

---

[25] Pravosuden.files.wordpress.com – *Анализа на застапеноста и работата на КОЗ во општините во РСМ според законот*, достапно преку истражувања на НВО секторот (2022).

[26] АДИ – Асоцијација за демократски иницијативи, *Програма за активирање на КОЗ во Тетово* со поддршка од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, 2023.

**јавноста** (крст на влезот на градот и слично). Такви прашања по правило треба да ги разгледа *КОЗ*. Во 2019 година, на пример, при иницијативата да се постави голем христијански крст во Тетово, реакциите беа бурни, а *Државната комисија за верски заедници* се огласи апелирајќи за претпазливост. Локалната *КОЗ* во Тетово не беше гласно присутна во таа дебата – што сугерира дека не функционирала проактивно. Општ впечаток е дека **КОЗ ретко самостојно предлага точки до Советот**, туку најчесто само дава мислење кога веќе ќе се појави меѓуетничко прашање иницирано од советниците или градоначалникот.[27]

**Отчетност и транспарентност:** *Комисиите за односи меѓу заедниците* работат без многу јавност – нивните состаноци ретко се најавуваат или покриваат од медиумите. Записниците од нивните седници не се објавуваат одделно (туку нивните препораки евентуално влегуваат во материјалите на седниците на Советот). Во Струга, јавната отчетност на *КОЗ* е минимална – просечниот граѓанин тешко би дознал кои лица се членови, колку пати се состанале или што одлучиле. Во Тетово ситуацијата досега беше слична, но со новите активности поддржани од граѓанскиот сектор се очекува подобрување. Најмалку, **донесувањето годишна програма за КОЗ Тетово** е чекор кон поголема отчетност, бидејќи поставува цели и активности кои потоа може да се следат.

Иако на хартија двете општини имаат формирано *Комисија за односи меѓу заедниците*, нивното *де факто* функционирање е ограничено. **Струга** има *КОЗ* која во мандатот 2021–2025 не е значајно активна или видлива – нема познати случаи каде таа одиграла улога, ниту пак нејзини членови јавно реферирале отчет. **Тетово** до скоро беше во слична положба, но во текот на 2023 се преземаат активности за ревитализација: Изработка на програма, работилници и најави за почесто одржување состаноци (под покровителство на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците и партнери). Главниот предизвик останува – да се обезбеди *КОЗ* да не биде само формално тело, туку реално да придонесува кон инклузивни одлуки и превенција на меѓуетнички тензии на локално ниво. Како позитивен пример може да се наведе **Град Скопје**, каде *КОЗ* е формирана и претставува *единствена институционална рамка за комуникација меѓу заедниците на локално ниво... и можност помалите заедници да учествуваат во креирање политики.*[28] За Струга и Тетово, потребни се слични напори за осмислување на улогата на *КОЗ*, редовно одржување седници (дури и кога нема криза, за отворено да се дискутираат прашања на образованието, културата, јазиците и соживотот) и зголемување на јавната свест за нивното постоење.

## 6. РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА СТРУГА

Во рамки на ова истражување, беше извршен и мониторинг на седниците на општина Струга во периодот март-јули 2025 година, односно седниците 46, 47, 48, 49 и 50,

---

[27] MCMS – Центар за управување со промени, *Истражување за учество на етничките заедници во локалното одлучување* (2022), достапно на: https://mcms.mk (пристапено во мај 2025).

[28] Град Скопје – Официјална веб-страница: *Комисија за односи меѓу заедниците во Град Скопје – структура и надлежности*, достапно на: https://www.skopje.gov.mk (пристапено во мај 2025).

со посебен акцент на точките од областа на родовата еднаквост или односите помеѓу заедниците.

**Седницата 46** се одржа на 14.03.2025 година, а јавноста беше известена дека седницата е закажана преку општинската веб-страница на 11.03.2025 година.[29] Дневниот ред вклучуваше вкупно 38 точки, а за ова истражувањето релевантна беше точката 20: ***Предлог Одлука за формирање работна група за именување улици и промена на имиња на улици на територијата на Општина Струга.*** Јавноста и транспарентноста на седниците, меѓу другото подразбира и постоење на минимум услови за јавноста да може да ја следи седницата. Имајќи предвид дека работата на Советот се одвива и на македонски и на албански јазик имајќи го превид *Законот за употреба на јазиците* и *Законот за локалната самоуправа* - на седниците има симултан превод, меѓутоа, за оваа седница немаше доволно опрема за превод за јавноста, така што активното следење на дискусијата беше невозможно. Дневниот ред за оваа седница беше обременет со 38 точки, во однос на ова, најголем дел од советниците изјавија дека немале доволно време за да се подготват, поради обемот на материјалите за оваа седница. Во секој случај, седницата се одржа, но поради отсуство на кворум (потребен за задоволување на Бадентерово мнозинство) најголем дел од точките беа повлечени, вклучително и точка 20.

**Седницата 47** се одржа на 02.04.2025 година, а решението за нејзино свикување на општинската веб-страница беше објавено на 01.04.2025 година. Решението и материјалите за оваа седница беа достапни единствено на албански јазик.[30] Од предмет на интерес за истражувањето на оваа седница беше точка 12 од вкупно 70 точки на дневниот ред: ***Предлог Одлука за формирање работна група за именување улици и промена на имиња на улици на територијата на Општина Струга***. Во однос на оваа точка, на седницата имаше бурна дискусија. Советниците од ВМРО-ДПМНЕ истакнаа дека според *Законот за имиња на улици*, име на улица, плоштад или друг јавен простор може да бидат истакнати личности, настани, етнографски, историски или други имиња, но дека со нив не смее да се нарушува националниот углед, чувства, морал или односите меѓу заедниците, но дека имајќи ги досегашните искуства по вакви прашања, како и двете незаконски поставени табли - сметаат дека овие законски одредби нема да бидат запазени, па затоа се повлекуваат од учество во работната група. Советниците од ДУИ истакнаа дека постоечките имиња на улиците не ја отсликуваат етничката разноликост на Струга, а и воедно со ширењето на градот мора да дојде до именување на улиците кои во моментов немаат имиња. Советниците од СДСМ, се сложија дека е неопходно да се именуваат улиците кои немаат име, но не и менување на постоечките имиња на улиците. Моментално точката гласи ИЗМЕНУВАЊЕ и ИМЕНУВАЊЕ, па советничката група смета дека точката треба да се преименува во ИМЕНУВАЊЕ, а доколку предлогот остане како што е во моментот и СДСМ ќе се повлече од учество во работната група. Претседателката на Советот, Арбреша Влаши, потенцираше дека именувањето на улиците кои останале без

[29] Решение за свикување на 46 седница, достапно на веб страната на о. Струга, Р Е Ш Е Н И Е за свикување на 46 (четириесет и шеста) седница на Советот на општина Струга | Општина Струга.

[30] Решение за свикување на 47 седница, достапно на веб страната на о. Струга, A K T V E N D I M për konvokimin e mbledhjes së 47 (dyzetë e shtate) të Këshillit të Komunës së Strugës | Општина Струга.

име поради проширувањето на градот и создавањето нови населби е итна и неопходна мерка што директно влијае врз безбедноста и правата на граѓаните. Ова прашање не смее да се политизира, туку бара заеднички и одговорен пристап од сите советнички групи. Според податоците од МВР, Брзата помош и Противпожарната единица, отсуството на улични имиња создава сериозни проблеми – граѓаните не можат да извадат лични документи, службите не можат навремено да интервенираат, и се загрозува основната безбедност. Неопходно е претставниците во Советот јасно да се изјаснат – дали сакаат да предложат имиња или да се фокусираат само на формално именување на улиците без имиња, но одлуката мора да биде донесена брзо и без калкулации, бидејќи станува збор за прашање од јавен интерес, а не политичка дебата. Во однос на ова прашање, во дискусијата се вклучи и Катерина Илиеска, како претставник на Општинската администрација, која истакна дека согласно законските прописи, во моментов се формира работна група, која понатаму ќе објави повик за прибирање на предлози на имиња за улиците, а потоа ќе се формира комисија која ќе прави избор. Листата понатаму мора да оди на влада на одобрување. Од одобрените имиња, работната група ќе ги распредели. Понатаму ќе се одлучи дали ќе има ИМЕНУВАЊА или ПРЕИМЕНУВАЊЕ. Во рамки на групата ќе има можност за координирање што ќе се случува. Поради текот на дискусијата, Претседателката на советот даде предлог за преформулирање на точката - да биде само ИМЕНУВАЊЕ на улиците. Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ истакна дека остануваат на ставот, а дека ваквата иницијатива можела да дојде многу порано, а да не биде во предвечерието на локалните избори и нема да учествуваат во работата на работната група. По ова, следеше предлог за целосно повлекување на точката од дневен ред, па со 7 гласа **ЗА**, 16 **ПРОТИВ** и 1 **ВОЗДРЖАН**, не се прифати предлогот за повлекување на точката од дневен ред, по што, истата беше усвоена.

**Седницата бр. 48** се одржа на 12.05.2025 година, а решението за нејзиното свикување беше објавено на општинската веб-страница на 06.05.2025 година.[31] Од интерес за проектот на оваа седница беше точката со број 19: ***Предлог – Заклучок за усвојување на Годишен извештај на Програма за еднакви можности за 2024 година***. Оваа точка беше усвоена без никаква дискусија. Материјалите за оваа седница не беа јавно достапни.

**Седницата бр. 49** се одржа на 03.06.2025 година, а решението за нејзиното свикување беше објавено на 29.05.2025 година.[32] На оваа седница немаше точки од интерес за проектот, меѓутоа, материјалите за седницата не беа јавно достапни.

**Седницата бр. 50** се одржа на 20.06.2025 година, а решението за нејзиното закажување беше објавено на 17.06.2025 година. На оваа седница немаше точки од интерес за проектот. [33]

---

[31] Решение за свикување на 48 седница, достапно на веб страната на о. Струга, Решение за свикување на 48 (четириесет и осма) седница на Советот на општина Струга | Општина Струга.

[32] Решение за свикување на 49 седница, достапно на веб страната на о. Струга, Решение за свикување на 49 (четириесет и деветта) седница на Советот на општина Струга | Општина Струга.

[33] Решение за свикување на 50 седница, достапно на веб страната на о. Струга, Р Е Ш Е Н И Е за свикување на 50 (педесетта) седница на Советот на општина Струга | Општина Струга.

## 7. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Истражувањето **„Гледаме све!“** имаше за цел да ја анализира транспарентноста и отчетноста на локалните власти во Општина Струга, со фокус на работата на Советот, *Комисијата за еднакви можности (КЕМ)* и *Комисијата за односи меѓу заедниците* (КОЗ). И покрај законските обврски и постоечката институционална рамка, резултатите покажуваат сериозни отстапки во праксата: ***седниците често се одржуваат без доволни технички услови за јавноста, информациите се објавуваат нецелосно или ненавремено, а одредени документи се достапни само на еден јазик***. Ваквите недостатоци ја ограничуваат можноста на граѓаните активно да следат и учествуваат во одлучувањето на локално ниво.

*КЕМ* е формирана и функционира формално, но реализацијата на програмските активности е делумна, со слаба отчетност и ограничен јавен пристап до податоците. *Комисијата за односи меѓу заедниците (КОЗ)*, пак, е нефункционална – во текот на мандатот не се евидентирани ниту состаноци, ниту иницијативи, што е сериозен пропуст во контекст на мултиетничката структура на општината. Во вакви услови, *КОЗ* не ја исполнува својата улога како механизам за превенција на меѓуетнички тензии и градење на доверба меѓу заедниците.

**Ниска функционалност на Советот во делот на транспарентност и отчетност:**

- Иако седниците формално се јавни, често недостасува превод, технички услови и навремено објавување на материјалите, што го ограничува учеството на јавноста.
- Дел од материјалите се достапни само на еден службен јазик (албански), што претставува бариера за останатите граѓани.

***Комисијата за еднакви можности (КЕМ)* постои, но реализацијата на програмите е делумна и слабо документирана:**

- Во 2022 и 2023 година, дел од активностите се реализирани, но недостига транспарентност за буџетската потрошувачка и ефектите.
- Во 2024 година, и покрај планираните активности и буџети, дел од клучните мерки не се реализирани или нема податоци за нивна имплементација.

***Комисијата за односи меѓу заедниците (КОЗ)* е нефункционална:**

- Не се одржале официјални средби, нема записници или активности, и не учествува во прашања од етнички сензитивен карактер, што е сериозен институционален пропуст во мултиетничка општина како Струга.

**Општинската администрација и советничките групи покажуваат ограничена волја за вклучување на јавноста:**

- Консултативни процеси се спроведуваат ретко или формално, без вистинско вклучување на граѓаните и засегнатите страни.

- Постои сериозен јаз меѓу предвидените механизми за учество и нивната реална примена.

**Препораки:** На основа на заклучоците од истражувањето, може да изнесеме три клучни препораки во однос на подобрувањето на транспарентноста и отчетноста на општинските власти:

1. **Назначување на Координатор за односи меѓу заедниците во општинската администрација**

Од анализата на *Комисијата за еднакви можности*, може да се види дека работата на Координаторот за еднакви можности во рамки на општината игра клучна улога во синџирот на пренос на информации, подготовка на документацијата, програмите и извештаите, но и одржување на врската помеѓу Советот и општината во оваа област.

Оттука, може да се извлече заклучок дека потенцијалното назначување на координатор за односи помеѓу заедниците може значително да придонесе кон подобрувањето на работата и на функционалноста на *Комисијата за односи меѓу заедниците* која во изминатиов мандат останува неактивна.

2. **Подобрување на протокот на информации во однос на работата на советот**

И од дискусиите на советниците и од анализата на достапните материјали може да се заклучи дека обемот на работа на советот, имајќи ја предвид бројноста на точките на дневен ред, е огромна. Тоа подразбира дека за да може да се очекува квалитетна дискусија на самите седници, но и можност јавноста да биде во тек со работата на советот, неопходно е закажување на седниците што е можно порано и доставување на материјалите навремено и целосно.

Од последните пет одржани седници, една беше закажана на еден ден пред нејзиното одржување, а останатите четири на три до пет дена пред нивното одржување.

Материјалите не се секогаш достапни на веб-страницата на општината во прилог на решението.

3. **Поголема проактивност на членовите и редовност и конзистентност на работата на *Комисијата за еднакви можности***

Иако несомнено е дека *КЕМ* во овој мандат има испорачано резултати од работењето, евидентно е дека целите кои се поставуваат на почетокот на годината и се составен дел од годишната програма, не се реализираат во целост.

Од одржаните средби до членови на *КЕМ* и координаторот за еднакви можности, може да се заклучи дека и оваа комисија не одржува редовни состаноци и е недоволно активна за време на седниците.

Членовите на *КЕМ*, во овој мандат не предложиле ниту една точка на дневен ред, ниту се произнеле со конкретен став околу точките кои го засегаат делокругот на нивното работење.

Со спроведувањето на овие препораки ќе се зајакне транспарентноста, отчетноста и функционалноста на советот и општинските комисии. На тој начин, **проектот „Глеаме**

**Све“** ќе ја оствари својата цел – граѓаните да имаат подобар увид и поголема доверба во работата на локалните власти.

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

КВА